# З А П И С Н И К
**од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,
одржана на 5.9.2017 година**

**Скопје, септември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 5.9.2017 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Мухамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија и Цветанка Кормушоска од Државното правобранителство на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и членовите на Владата на Република Македонија, Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

✓ Усвојување на Записникот од 24-та седница на Владата, одржана на 22.8.2017 година

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности

2. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите (ул.„Село“ на КП 954/1, КО Илинден)

3. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.1623 во КО Ѓорче Петров 5 Лепенец-Скопје)

**б) економски систем и тековна економска политика**

**в) политички систем**

4. Информација за соработка меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Турција во областа на воспитно-образовниот процес и продолжување на истата преку испраќање на македонски студенти на Полицискиот кампус во Аниттепе во Анкара, Република Турција

5. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на еден предмет пред Европскиот суд за човекови права Николоски против Република Македонија, А.бр.33874/14

6. Информација за подготовка на Седмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, во Скопје на 20 септември 2017 година

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

7. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за трансплантација во Република Македонија за 2017 година

8. Информација за исполнетост на условите на „Оаза Алкалоиди“ ДОО, Штип за вршење на дејност одгледување на cannabis во медицински цели, со Предлог-одлука

9. Информација за исполнетост на условите на „Каба хербал“ ДООЕЛ, Скопје за вршење на дејност одгледување на cannabis во медицински цели, со Предлог – одлука за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на „Каба хербал“ ДООЕЛ, Скопје

10. Информација за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија, во рамките на буџетот на Министерството за здравство

11. Информација согласно задолжение од Дваесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 9.8.2017 година, а во врска со подготовка на Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции

12. Информација за Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година, со Ревидиран текст на Оперативен план

13. Информација за проблемот на затекнатите лица „Под Кале“

14. Информација за спроведена проверка на законитоста на процесот на вработување од денот на распишување на предвремените парламентарни избори, до денот на изборот на Владата на Република Македонија

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

15. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на правни лица кои се должни да имаат приватно обезбедување

16. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Државната изборна комисија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

17. Предлог - одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела" во времето од 2 до 8.10.2017 година

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

18. Предлог-закон за изменување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, по скратена постапка, предложен од група претеници

19. Информација за состојбата со пожарите кои ја зафатија Република Македонија, поднесена од група пратеници

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

20. Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2008), доставена од Народниот правобранител на Република Македонија, под број 1585/15 од 29.6.2017 година, преку Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија

**д) други предлози**

21. Кадровски прашања

22. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

23. Информација за овозможување бесплатен пристап на новинарите до јавните исправи кои ги издаваат Централниот регистар на Република Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности

24. Декларативни заложби за слободни и фер избори

25. Предлог-програма за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларните болести (КВБ) во Република Македонија за 2017 година

26. Предлог–одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за градежништво и трговија „Градба промет“ ДОО Кавадарци на локалитетот „Јаребички камен“, Општина Кавадарци

27. Информација за реализација на манифестацијата „Нов културен бран“

28. Информација со предлог-мерки за унапредување на состојбата на македонскиот јазик

29. Предлог - одлука за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Владата на Република Македонија – Генерален секретаријат

30. Предлог - уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2018 година

31. Предлог - уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2018 година

32. Предлог - уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2018 година

*

*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 24-та седница на Владата, одржана на 22.8.2017 година

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите (ул.„Село“ на КП 954/1, КО Илинден), во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.1623 во КО Ѓорче Петров 5 Лепенец-Скопје), во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за соработка меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Турција во областа на воспитно-образовниот процес и продолжување на истата преку испраќање на македонски студенти на Полицискиот кампус во Аниттепе во Анкара, Република Турција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, по завршувањето на редовните студии да спроведе постапка за вработување на 5 (петте) студенти во Министерството за внатрешни работи, а по претходно известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги предвиди финансиските средства за вработување на студентите во рамките на својот буџет за 2021 година, во вкупен износ од 322.695,00 денари и за 2022 година, во вкупен износ од 1.912.920,00 денари.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на еден предмет пред Европскиот суд за човекови права Николоски против Република Македонија, А.бр.33874/14 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за пријателско решавање на предметот Николоски против Република Македонија, А.бр.33874/14.

2. Се овластува владиниот агент на Република Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата на апликантот Сашо Николоски во случајот Николоски против Република Македонија, А.бр.33874/14 ќе му исплати износ од 3, 750 EUR (три илјади седумстотини и педесет евра) во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Македонија во случај апликантот во предметот пред Европскиот суд за човекови права Николоски против Република Македонија, А.бр.33874/14 да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права, да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подготовка на Седмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, во Скопје на 20 септември 2017 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се определува м-р Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација за претседавач на Специјалната група за реформа на јавната администрација.

2. Се задолжуваат, односно им се пропорачува на институциите наведени во прилог бр.2 да подготват пишани материјали на македонски и англиски јазик за состанокот и да ги достават до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 5.9.2017 година.
3. Се задолжува претседавачот на Специјалната група за реформа на јавната администрација да го определи составот на делегацијата од Република Македонија, согласно Дневниот ред на седмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација, најдоцна до 11.9.2017 година.

**Точка 7**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за трансплантација во Република Македонија за 2017 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на „Оаза алкалоиди“ ДОО Штип, за вршење на дејност одгледување на cannabis во медицински цели, со Предлог- одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на „Оаза алкалоиди“ ДОО Штип, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на „Каба хербал“ ДООЕЛ, Скопје за вршење на дејност одгледување на cannabis за медицински цели, со Предлог – одлука за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на „Каба хербал“ ДООЕЛ, Скопје (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлука за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на „Каба хербал“ ДООЕЛ, Скопје, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија, во рамките на буџетот на Министерството за здравство и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, во консултација со Министерството за финансии во буџетот на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2018 година, да предвиди 103.000.000 денари за обезбедување континуирана антиретровирусна терапија за пациентите со ХИВ и одржување на програмите за превенција кај клучните популации засегнати од ХИВ, врз основа на експертските процени.

2. Се задолжува Министерството за здравство, до крајот на 2018 година да воспостави функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија наменети за клучните популации засегнати од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации.

3. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Агенцијата за лекови, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје, а во консултација со здруженијата на пациентите, во рок од 60 дена да свика консултативен состанок и да спроведе координација со цел поттикнување на регистрација на неопходните антиретровирусни лекови во Република Македонија, можно проширување на позитивната листа со овие лекови и изнаоѓање стратегија за обезбедување најниска можна цена при набавка на истите.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата согласно задолжение од Дваесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 9.8.2017 година, а во врска со подготовка на предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанциии и ја усвои со следниве нови заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, како предлагач на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, во рок од 7 (седум) дена да формира Работна група која ќе работи на измените и дополнувањата на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, имајќи го предвид Предлог-законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции изработен од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за финансии, во рок од 7 (седум) дена до Министерството за здравство да предложат свои претставници кои ќе учествуваат во Работната група за измени и дополнувања на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.

3. Се задолжува Министерството за здравство, да подготви и до 31.10.2017 година до Владата да достави Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.

Истовремено, Владата заклучи, да се имаат предвид идните финансиски и економски бенефити на државата (пример: отворање на нови работни места), при подготовката на Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.

**<u>Точка 12</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година, со Ревидиран текст на Оперативен план (нов текст), ја усвои Информацијата и го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година.

Истовремено, Владата заклучи лицата кои се корисници на активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година, согласно овој оперативен план не може да учествуваат во други мерки од овој оперативен план во 2017 година и не може да користат други мерки кои поттикнуваат вработување, се до завршување на имплементација на мерката каде што лицето е вклучено.

**<u>Точка 13</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за проблемот на затекнатите лица „Под Кале“ (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рамките на Стратешкиот план и Предлог - буџетот за 2018 година да предвиди финансиски средства за реновирање на домови на маргинализирани семејства коишто живеат во субстандардни услови под Кале.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рамките на постоечките капацитети со коишто располага, со претходна согласност на лицата коишто се наоѓаат под Кале, да обезбеди итно и времено сместување на овие лица во објекти за живеење коишто ќе бидат поставени во рамките на постоечка јавна установа на Министерството за труд и социјална политика.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рамките на својот буџет за 2017 година, да ангажира невладина организација која активно ќе работи со лицата затекнати под Кале, за обезбедување лична документација од 1 октомври до 31 декември 2017 година.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведена проверка на законитоста на процесот на вработување од денот на распишување на предвремените парламентарни избори до денот на изборот на Владата на Република Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства, најдоцна во рок од 15 дена, да извршат проверка на податоците и да изготват интегрирани евиденции на податоци што се однесуваат на вработувањата во овој период во министерствата, како и во органите во состав на министерствата.

2. Се задолжуваат сите министерства, најдоцна во рок од 20 дена, интегрираните евиденции на податоци што се однесуваат на вработувањата во министерствата, како и за вработувањата во органите во состав на министерствата, спроведени во периодот од денот на распишувањето на предвремените парламентарни избори до денот на изборот на Владата на Република Македонија, да ги достават до Министерството за информатичко општество и администрација.

3. Се задолжува Државниот управен инспекторат и Државниот инспекторат за труд, веднаш да поведат постапки за вршење на вонреден инспекциски надзор за примената на Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор во однос на постапките за вработување спроведени во периодот од денот на распишување на предвремените парламентарни избори до денот на изборот на Владата на Република Македонија во сите институции, установи и органи што ги применуваат Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор во постапките за вработување на јавни службеници.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на правни лица кои се должни да имаат приватно обезбедување, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Државната изборна комисија, во предложениот текст, по добивање на мислење од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за начинот на наплата на износот за „Детска недела“ во времето од 2 до 8.10.2017 година, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, по скратена постапка, предложен од група пратеници и нема забелешки по истиот.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со пожарите кои ја зафатија Република Македонија, поднесена од група пратеници и притоа по истата утврди мислење во форма на информација.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.9/2008), доставена од Народниот правобранител на Република Македонија, под број 1585/15 од 29.6.2017 година, преку Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство, во кои е поддржана Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка, (во насока на изнаоѓање законско решение, категоријата на нерегистрирани граѓани во матичната книга на родените да добијат матичен број и да се запишат во истата), ја прифати Иницијативата и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија, согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" бр.60/2003, 114/2009, 181/2016 и 189/2016).

**Точка 21**

**1.** Владата за вршител на должноста претседател и вршители на должноста членови на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија, ги именува:

а) за в.д. претседател:
- Севдие Исмаили

б) за в.д. членови:
- Катерина Петрова Ацковска,
- Маријана Ивановски,
- Анита Стојческа и
- Роберт Насков

**2.** Владата за вршител на должноста претседател и вршители на должноста членови на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, ги именува:

а) за в.д. претседател:
- Премтим Исени

б) за в.д. членови:
- Илија Андовски,
- Дарко Блажевски,
- Анета Трајановска,
- Беким Есати,
- проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и
- Николаки Миов

**3.** Владата го именува Ванчо Србаковски за вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ – П.О. Скопје.

**4.** Владата го разреши Живко Јанкулоски од должноста национален координатор за имплементација на Национална платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија, на негово барање.

**5.** Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија (за национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, заменик национален координатор за спречување на насилен екстремизам и заменик национален координатор за борба против тероризам).

## Точка 22

**1.** Владата, по повод состаноците на Организацискиот одбор (претседател на Одборот – Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи и заменик претседател на Одборот – м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура), одржани на 23 и 25 август 2017 година, а во врска со прославата на државниот празник 8 Септември – Ден на независноста и доставените предлог-заклучоци, заклучи:

1) Владата на Република Македонија да ја преземе организацијата на централната прослава на 7.9.2017 година, целодневен настан на платото пред Владата на Република Македонија, со почеток од 17:30 часот до 00:30 часот, вклучувајќи го и официјалното обраќање на претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, по повод 26 години од прогласувањето на независноста и самостојноста на Република Македонија.

2) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Македонија, да ја преземе целокупната организација на централната прослава на државниот празник (вклучувајќи детална агенда, визуелен идентитет на настанот, координација помеѓу сите вклучени страни, испраќање на покани, информирање на јавноста и слично).

Детална агенда е дадена во прилог на овие заклучоци.

3) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбедат логистичка поддршка и потребни финансиски средства кои произлегуваат од планот за организација на централната прослава на платото пред Владата.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да обезбеди опрема, техника, и логистика за централната прослава на 7.9.2017 година на бул. „Илинден“, пред Владата на Република Македонија, како и потребните материјали за изработка на уметничката изложба на платото и во Владата на Република Македонија.

5) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Република Македонија за 7.9.2017 година, да обезбеди печатење и испорака на покани, превоз на опрема, столици, вода, служба SECURICOM, цвеќе за главна бина и други логистички потреби, а за 8.9.2017 година, да обезбеди венци и останата опрема потребна за положување свежо цвеќе.

6) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да ги покрие трошоците за поставување на канти/контејнери за отпад на локацијата за централната свечена прослава што ќе се одржи на 7.9.2017 година.
7) Се задолжува Министерството за култура да го договори и потврди учеството на сите планирани културно-уметнички и музички субјекти за централната прослава на празникот.

8) Се задолжува Министерството за култура, во соработка со Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“, да организира настан на кој да присуствува делегација во состав:

- м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура,
- Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и
- Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

Делегацијата да присуствува на настанот за посета на Спомен-куќата на Блаже Конески во с. Небрегово, на 7.9.2017 година од 10 до 14 часот.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да го покрие превозот Скопје – с. Небрегово за 20 гости.

10) Се задолжува Македонската радио-телевизија да изврши директен пренос на централната прослава на 7.9.2017 година и да обезбеди архивски материјал за потребите на уметничката инсталација за прославата.

11) Се задолжува ЕВН Македонија да обезбеди приклучок за струја од 80KW за централната прослава на бул. Илинден од 6.9.2017 година, од 18 часот до 9.9.2017 година, до 1 часот.

12) Се препорачува на Град Скопје да обезбеди чистење на локацијата пред Владата на Република Македонија, на бул. „Илинден“ пред свечената прослава на 6.9.2017 година во 18:15 часот и после прославата, на 9.9.2017 година во 3 часот.

13) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со СВР Скопје и Бирото за јавна безбедност да го затворат и обезбедат просторот и опремата која ќе се монтира на локација на 6.9.2017 година, во 18 часот, до завршување на прославата.

14) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно прославување на планираната свеченост на 7.9.2017 година.

15) Се задолжува Министерството за здравство на 7.9.2017 година да обезбеди две амбулантни возила.

16) Се укажува на Град Скопје на 7.9.2017 година да обезбеди две противпожарни возила.

17) Се информираат членовите на Владата на Република Македонија дека Собранието на Република Македонија ќе организира свечена прослава на празникот на 7.9.2017 година, со почеток од 18 до 19 часот.

На оваа свеченост ќе се обрати претседателот на Собранието на Република Македонија, м-р Талат Џафери, проследено со коктел-собир во свечената сала на Собранието.

18) Делегацијата во состав:
- Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија,
- д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и
- Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, да положи цвеќе пред вечните почивалишта на Киро Глигоров и Борис Трајковски, на градските гробишта Бутел, на 8.9.2017 година, во 9:45 часот.

19) Делегацијата во состав:
- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика,
- д-р Аднан Ќахил, министер без ресор задолжен за странски инвестиции и
- Билен Саљији, министер за правда, да положи цвеќе на споменикот „Ослободители на Скопје" до Владата на Република Македонија, на 8.9.2017 година, во 10:15 часот.

20) Се задолжува Секторот за односи со јавност и протоколот при Владата на Република Македонија да го организира ова традиционално положување на цвеќе.

21) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Македонија да обезбеди гардисти и опрема за положување свежо цвеќе на градските гробишта Бутел и пред споменикот до Владата.

22) Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да го организира свеченото доделување награди за животно дело и спортски достигнувања, кое ќе се одржи во Собранието на Република Македонија, на 8.9.2017 година во 10:30 часот.

**2.** Владата во врска со просторното сместување на министерства и други органи на државната управа во новиот објект Државни институции – Јавна администрација и Факултет за драмски уметности, заклучи:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, по добивањето на употребната дозвола за објектот Државни институции – Јавна администрација и Факултет за драмски уметности (локалитет Пресвета Богородица), да подготви и до Владата да достави Предлог – одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија, за да се изврши етажен премер на објектот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, по извршеното запишување на објектот на име на Република Македонија, да подготви и до Владата да достави предлог – одлуки за доделување на недвижни ствари на трајно користење на следните институции:

- Управа за финансиска полиција, вкупна површина од 1370м2, на приземје и кат 1 од објектот;

- Министерство за животна средина и просторно планирање, вкупна површина од 2848м2, на кат 2, кат 3 и кат 4 од објектот;

- Државен испитен центар, вкупна површина од 302м2, на кат 3 од објектот;

- Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, вкупна површина од 984м2 на кат 5 и 27м2 на кат 8 од објектот;

- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, вкупна површина од 600м2, на кат 6 од објектот;

- Управа за финансиско разузнавање, вкупна површина од 402м2, на кат 6 од објектот;

- Агенција за цивилно воздухопловство, со вкупна површина од 998м2, на кат 7 и површина од 560м2 на кат 8 од објектот.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, после нејзино иселување од објектот ТЦ „Скопјанка" и преселувањето во новиот објект Државни институции – Јавна администрација и Факултет за драмски уметности, да подготви и до Владата да достави соодветна предлог – одлука, со која деловниот простор во објектот ТЦ „Скопјанка" ќе го додели на трајно користење на Државниот завод за индустриска сопственост.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата со Изјава за изразување на силна политичка волја и поддршка на Владата и нејзините институции за континуирана примена на етичкиот кодекс за медиумско известување и силно охрабрување на примената и почитувањето на системот за медиумска саморегулација и ја усвои Информацијата и следната Изјава:

- Владата на Република Македонија и нејзините институции изразуваат силна политичка волја и поддршка за континуирана примена на етичкиот кодекс за медиумско известување и силно ја охрабруваат примената и почитувањето на системот за медиумска саморегулација.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба за превенција и справување со пожарите на подрачјата на општините Македонски Брод и Чашка, за периодот од 29.8.2017 до 4.9.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**5.** Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја разгледа можноста за поголемо присуство на припадници на сообраќајната полиција на територијата на Општина Чаир, со цел надминување на проблемот со сообраќајната турканица и метеж на територијата на оваа општина.

2) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со Министерството за транспорт и врски да ја разгледаат можноста и да ги преземат потребните активности за целосна забрана за движење на тешки товарни возила од потегот на семафорите во населбата Автокоманда, Општина Гази Баба, преку „Пластичарска улица", до потегот „Касарна Илинден", Општина Карпош, во периодот од 5:00 часот наутро до 22:00 часот навечер.

**6.** Владата заклучи:

- согласно одредбите од материјалните закони со кои е регулирано работењето на институциите, а кои се однесуваат на уредување на односите и обврските на директорот на институцијата со органите на управување на институцијата (склучување на менаџерски договор за директорот), потребно е до Владата на Република Македонија на запознавање, односно на одобрување да се достави текстот на менаџерскиот договор, пред негово потпишување.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти/бегалци за период од 29.8.2017 до 4.9.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**<u>Точка 23</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за овозможување бесплатен пристап на новинарите до јавните исправи кои ги издаваат Централниот регистар на Република Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Централниот регистар на Република Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности во рок од 30 дена да им овозможат на новинарите бесплатен пристап до јавните исправи кои ги издаваат овие институции.

2. Централниот регистар на Република Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности прецизно мора да назначат на видно и јасно место дека бараниот документ е во функција на истражувачка дејност и не треба да се злоупотребува за други цели.

3. Пристапот да се овозможи на секој новинар кој ќе достави писмено барање заверено со печат и потпис од главниот уредник на медиумот во кој е вработен новинарот со објаснување за какви истражувачки цели се прибавува јавната исправа.

**<u>Точка 24</u>**

Владата заклучи сите членови на Владата и раководни државни службеници во рамките на своите институции да ги споделат Декларативните заложби за слободни и фер избори од 5.9.2017 година, архивски бр.08-855/1 од претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

Истовремено, Владата го задолжи Секторот за односи со јавност на Владата на Република Македонија, преку медиумите да ја запознае јавноста со Декларативните заложби за слободни и фер избори од 5.9.2017 година.

**<u>Точка 25</u>**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за градежништво и трговија Градба промет ДОО Кавадарци на локалитетот „Јаребички камен“, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на манифестацијата „Нов културен бран“, како материјал за информирање.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог – мерки за унапредување на состојбата на македонскиот јазик, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за култура да ги спроведе предлог-мерките за унапредување на состојбата на македонскиот јазик.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Владата на Република Македонија – Генерален секретаријат, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2018 година, условно по добивање на мислење од Министерството за финансии.

**Точка 32**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2018 година, условно по добивање на мислење од Министерството за финансии.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:45 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**